Бр. 02-465/8
29.3.2019 год.
Скопје

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

# СТРАТЕГИЈА

# НА

# УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ (2019 – 2023)

**Скопје, 2018 година**

## СОДРЖИНА

ВОВЕД...... 3
ВИЗИЈА И МИСИЈА...... 5
1. КЛУЧНИ ВРЕДНОСТИ...... 6
2. АНАЛИЗА НА КЛУЧНИТЕ ДИМЕНЗИИ НА КВАЛИТЕТОТ НА ПОЛЕТО НА НАСТАВАТА И НАУКАТА...... 7
2.1. Резултати од спроведена анкета помеѓу професорите на факултетите и институтите...... 7
2.2. Остварени резултати во клучни полиња на образованието и науката...... 11
2.2.1. Наставно-образовна дејност...... 12
2.2.2. Научноистражувачка активност...... 15
2.2.3. Финансиски аспекти од работењето на УКИМ...... 16
3. SWOT-АНАЛИЗА...... 18
4. СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ...... 20
5. СТРАТЕГИСКИ И ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ...... 21
6. *ПРИЛОГ 1:* ДЕТАЛНИ ПОДАТОЦИ И АНАЛИЗА НА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО КЛУЧНИ ПОЛИЊА НА ОБРАЗОВАНИЕТО И НАУКАТА...... 23
6.1 Наставно-образовна дејност...... 23
6.2. Научноистражувачка активност...... 33
6.3. Меѓународна соработка...... 34
6.4 Финансиски аспекти од работењето на УКИМ...... 37

# ВОВЕД

Изработката на оваа Стратегија е иницирана од страна на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, проф. д-р Никола Јанкуловски. Целта на нејзината изработка и усвојување е повеќекратна.

Прво, планирањето е свесна човекова активност која е одлика на сите успешни, организирани и ефикасни системи кои ги создава човекот и со кои тој управува. Планирањето овозможува да се постават целите, да се дефинираат активностите кои треба да доведат до нивното исполнување, како и да се организира нивното навремено извршување. Планирањето обезбедува и основа со која ќе се врши етапно следење на исполнувањето на поставените цели и преземање корективна акција, доколку е потребно.

Второ, сите еминентни универзитети во светот изработуваат и ги објавуваат своите стратегии. Нивната намена е за интерни и екстерни цели: од една страна, членките на универзитетот и нивните вработени постојано ги имаат пред себе мисијата, визијата и стратешките цели кон кои се стреми универзитетот и нив ги вградуваат во сопствените планови и програми, а од друга страна, јавноста, студентите и другите засегнати субјекти имаат можност да ги препознаат перспективите на универзитетот и врз таа основа да одлучуваат за сопствениот однос со институцијата. Воедно, во досега спроведените меѓународни евалуации на Универзитетот, како една од слабостите, се истакнуваше токму недостигот на стратегиско планирање, поради што со изработката на оваа Стратегија ќе биде елиминиран и овој недостаток.

Конечно, со изработката на оваа Стратегија, на начинот на кој тоа е направено, целта е да се создаде едно кохезивно јадро, околу кое ќе се усогласат и врз кое ќе се надградуваат интересите на сите единици на Универзитетот и на сите вработени. Стратегијата треба да обезбеди долгорочен поглед и да даде насока на движење на сите субјекти што се дел од Универзитетот, за тие да можат сопствените акции да ги засноваат на поставените заеднички цели и задачи. Конечно, се очекува вака изработениот план да го подигне нивото на интегрираност на Универзитетот и да обезбеди основа за поголема соработка и координација помеѓу одделните негови единици.

Стратегијата се однесува на следниот период, 2019-2023 година. Очигледно е дека тој не коинцидира со мандатот на ниту еден ректор, односно целта е токму да обезбеди континуитет и долгорочна посветеност кон остварувањето на заеднички формулираните и прифатени цели. За да се добие основа за еден таков документ, изработката на планот беше реализирана низ консултации на целокупниот раководен и стручен потенцијал на Универзитетот.

Дефинирани се нова визија и мисија на Универзитетот, кои сметаме дека ги одразуваат тековните заложби и среднорочните перспективи на институцијата. Редовната ревизија на визијата и мисијата и нивното повремено дополнување, односно коригирање, се препорачани од страна на

најеминентните акредитациони институции во областа на високото образование.

Низ анкета на раководителите на единиците добиени се основи за формулирање на Стратегијата и приоритетите на Универзитетот. Деканите и директорите беа поканети да го изразат сопственото мислење во врска со клучните приоритети на Универзитетот за следниот период, како и да направат сопствена идентификација на силните и слабите страни, можностите и ограничувањата на Универзитетот. Нивните видувања беа сублимирани во единствена SWOT-анализа, која е составен дел на овој план.

Дефинираните приоритети и SWOT-анализата послужија како основа за утврдување на стратегиски и оперативни активности кои би требало да бидат реализирани во планскиот период за да се остварат стратешките определби. Тие, од своја страна, ќе бидат основа за концептуализирање на акциските планови, кои ќе треба да се изработат за покуси периоди и кои ќе треба да содржат конкретни активности, со дефинирани носители, буџет и рокови на реализација.

Дополнително, спроведена е анонимна анкета до целокупниот наставен кадар на Универзитетот. Анкетата е реализирана по електронски пат, со прашалник, во кој од испитаниците се бараше да дадат сопствени оценки околу одредени квалитативни карактеристики на Универзитетот. Овие карактеристики беа поделени во три клучни сегменти:

- подобрување на квалитетот и релевантноста на високото образование;
- зајакнување на квалитетот преку мобилност и прекугранична соработка;
- создавање триаголник на знаење: поврзување на високото образование, истражувањето и бизнисот за постигнување извонредност и регионален развој.

Конечно, за да се добијат информации за конкретни полиња на наставната и научната дејност, соработката со странски универзитети и со стопанството, за различни аспекти на финансирањето и сл., од службите на Универзитетот беа побарани и добиени конкретни квантитативни податоци за резултатите во наведените полиња во изминатите пет години. Овие податоци послужија како основа за формулирање на идните политики на Универзитетот. Воедно, истата група критериуми ќе биде користена во текот на планскиот период како индикатори за следење на постигнатиот напредок во одделните полиња и оценување на успешноста на Стратегијата.

Откако ќе биде усвоена Стратегијата, ќе треба да се изработи процедура за нејзина операционализација и имплементација. Оваа процедура ќе треба да опфати:

- изработка на акциски планови за покуси периоди;
- следење на индикаторите за успешност на Стратегијата (истите што се дадени и за кои се прибирани податоци содржани во прилогот 1 кон овој план);
- редовна ревизија на Стратегијата;
- навремена подготовка и почеток на изработката на нови стратегии.

# ВИЗИЈА И МИСИЈА

## ВИЗИЈА

*Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје да прерасне во универзитет со висока меѓународна репутација на полето на образованието и науката, како респектабилен член на семејството на европски универзитети.*

## МИСИЈА

Како најстар универзитет во Република Македонија, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје претставува темел и стожер на образовниот систем, научната работа и културниот развој на нашата земја. Универзитетот е одговорен за негувањето, чувањето и унапредувањето на сите аспекти на националниот идентитет и негова целосна афирмација во процесот на пристапување на земјата во Европската Унија и како дел од широкото семејство на европските народи.

Универзитетот ги развива и континуирано ги унапредува наставните програми во правец на создавање високообразовани кадри од сите домени на природно-математичките науки, техничко-технолошките науки, медицинските науки и здравството, биотехничките науки, општествените науки, хуманистичките науки и уметностите, во согласност со највисоките меѓународни стандарди. Преку својата наставна дејност, Универзитетот настојува да ги задоволи потребите од високостручен кадар во сите сегменти на приватниот и јавниот сектор, континуирано приспособувајќи се на динамичните промени во овој домен.

На полето на научната работа, Универзитетот реализира научни проекти, теоретски и апликативни истражувања и други форми со кои се дава придонес кон развојот на научната мисла во земјата и пошироко. Воедно, преку соработката со приватниот и јавниот сектор се остварува двонасочна размена на знаења и искуства, што придонесува за подигнување на нивото на севкупниот општествен развој, како и континуиран и одржлив развој на Универзитетот.

Во реализацијата на своите наставни и научни активности, Универзитетот негува активна соработка со високообразовни, научни, и други сродни институции од странство, заснована на принципите на рамноправност, одговорност и почитување на највисоките стандарди.

Универзитетот ќе негува и развива и уметнички активности.

Универзитетот постојано се стреми да негува и развој на критичката мисла, да делува како коректив на општеството, да придонесува за развој на човековите права и слободи и да биде предводник на процесите на осовременување и унапредување во сите сфери на општествениот живот.

# 1. КЛУЧНИ ВРЕДНОСТИ

Клучните вредности на Универзитетот произлегуваат од основните цели и карактеристики на универзалната академска етика, како и од посебните етички задачи на Универзитетот, кои се инкорпорирани во Етичкиот кодекс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје како етички вредности и норми на кои се темели извршувањето на неговата дејност.

Основни цели и карактеристики на универзалната академска етика, па така и на етиката на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, се:

- достојно извршување на функциите на академските институции;
- унапредување на наставната, научната и уметничката дејност на Универзитетот и во општеството;
- ширење на академската култура;
- почитување на академските традиции;
- чување на достоинството на академските наставници;
- добри односи меѓу институциите и наставниците на Универзитетот;
- грижа за младите, за студентите и за специјализантите;
- одржување и развивање на етиката на благородно однесување, на неповредување никого, на давање помош и развивање на општите хуманистички идеи.

Посебните етички задачи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје произлегуваат од позицијата на најстар и водечки универзитет во Република Македонија, во смисла на помагање на научниот и културниот развиток на земјата и на работата на другите универзитети во земјата.

- Главна етичка функција на сите негови институции и наставници е квалитетно извршување и унапредување на својата дејност, како и чување на угледот на Универзитетот и на својот личен углед како научници, уметници, наставници и студенти.
- Институциите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ се рамноправни. Тие соработуваат во својата работа; во работата и соработката меѓусебно се однесуваат како братски и еднакви установи и ги развиваат формите на меѓусебна грижа и заштита.
- Меѓу универзитетските наставници и студентите владеат доверба и чесни односи на интелектуалци. Тие меѓусебно си ги почитуваат личноста, трудот, погледите и работните резултати, а работата и остварувањата ги вреднуваат објективно.
- На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ нема место за насилство, притисок и поткуп. Не е дозволена корупција, морално и сексуално злоставување и тој се бори против нив. Туѓи му се недоличното и секој вид неморално и нечесно однесување - воопшто однесување кое е спротивно на граѓанските и на академските етички вредности.
- Во науката и уметноста се следат етичките норми на: развивање на најсовремените научни и уметнички сознанија, почитување на статусот

на истражувачкиот предмет и област, автентичност и оригиналност на сознанијата, поврзување во истражувањето со другите истражувачки, и научни институции во земјата и во светот, достапност на сознанијата за сите заинтересирани, пред сè за научната јавност.

- Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ развива постојана и блиска соработка со сличните институции во земјата и во странство. Во таа соработка, тој ги применува највисоките норми на етичкото однесување - пријателско настапување, доверба, колегијално договарање, чесност во постапките и одговорност за преземените задачи.
- Наставниците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ се личности со висока одговорност за своето однесување и за дејноста на својата институција и на Универзитетот во целост. Притоа, одговорноста соодветствува на местото во академската хиерархија.
- Студентите и младите научни и уметнички кадри на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ целосно, правилно и благовремено се запознаваат со своите права и со можностите за студирање и за стипендирање, како и со другите потенцијали за нивниот личен развој во земјата и во странство. Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ настојува и дава иницијатива и помош за унапредување на положбата на студентите и на младите стручњаци во рамките на општеството, се залага за создавање прописи и други можности за нивно промовирање и за вклучување во дејствените, културните и социјалните процеси.

# 2. АНАЛИЗА НА КЛУЧНИТЕ ДИМЕНЗИИ НА КВАЛИТЕТОТ НА ПОЛЕТО НА НАСТАВАТА И НАУКАТА

## 2.1. Резултати од спроведена анкета помеѓу професорите на факултетите и институтите

Европската комисија дефинира стратегиски насоки и адресира клучни прашања важни во развојните политики за високото образование, наменети како за креаторите на политиките на национално ниво, така и за високообразовните институции. Во таа насока, за прибирање релевантни податоци, користен е прашалник кој има за цел да ги идентификува и констатира состојбите на клучните димензии на квалитетот на образованието на факултетите и институтите во рамките на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Прашалникот е креиран врз основа на два стратегиски документа на Европската комисија, Поддршка на растот и работните места – агенда за модернизација на системите за високо образование на Европа од 2011 година и Обновената агенда на ЕУ за високо образование од 2017 година.

Прашањата се поделени во три клучни сегменти:

- подобрување на квалитетот и релевантноста на високото образование;

- зајакнување на квалитетот преку мобилност и прекугранична соработка;
- создавање триаголник на знаење: поврзување на високото образование, истражувањето и бизнисот за постигнување извонредност и регионален развој.

Податоците се сумирани во продолжение, при што најпрво се вклучени некои основни податоци, земајќи го предвид примерокот кој е обезбеден, и опфаќа 466 испитаници од наставниот кадар во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Анализата првично го опфаќа профилот на испитаниците, а потоа и гореспоменатите сегменти.

## Профил на испитаниците

Анализата опфаќа одговори на 466 испитаници, при што во делот на половата распределба може да се утврди дека доминантни се жените со 59 % од вкупниот број испитаници. Понатаму, од добиените одговори може да се согледа дека мнозинството се испитаници од општествените и техничко-технолошките науки со 23,8 % и 22,5 % соодветно. Високо присуство на одговори е евидентирано и кај хуманистичките, медицинските и природно-математичките науки со 14,1 %, 13,5 % и 12 % респективно. Во однос на звањето доминираат редовните професори со 45,9 %, поточно 214 одговорени прашалници. Понатаму следат вонредните професори со 28,7% од вкупниот број на одговорени прашалници. Доцентите учествуваат со 101 одговор или 21,6 % од вкупниот број одговорени прашалници.

## Подобрување на квалитетот и релевантноста на високото образование



Во рамките на анализата, најпрво се вклучени димензии за утврдување на квалитетот. Потребно е да се истакне дека е користена Ликертова скала од 1 до 7, каде што 1 е најниска, а 7 е највисока вредност.

Добиените резултати укажуваат на просечни вредности, почнувајќи со најниска просечна вредност од 2,77, што се врзува со перцепцијата за релативно ниско ниво на стратегиска поддршка на наставниците во високото образование, како и докторските кандидати во насока на развој на педагошки вештини за развој и иновирање на наставните програми. Највисоко ниво со просечна вредност 4,05 се поврзува со процесот на креирањето на студиските програми на факултетот/институтот, каде што се користат проекции за потребните вештини на пазарот на трудот и податоци за вработувањето и кариерата на претходно дипломираните студенти. Истовремено, на повисоко ниво се препознаваат капацитетите за стекнување практични вештини на студентите.

Во делот на рангирањето на спомenатите димензии, според нивниот приоритет, акцент се става во делот на креирањето на студиските програми на факултетот/институтот врз основа на проекции за потребните вештини на пазарот на трудот и податоци за вработувањето и кариерата на претходно дипломираните студенти, каде што 34,55 % од испитаниците го сметаат за највисок приоритет, а на второ место е потребата високообразовната институција да инвестира во континуиран професионален развој на својот персонал, во регрутирање доволен кадар за развој на нови дисциплини, како и наградување на остварувањата во наставата, на што одговориле 33,69 % од испитаниците.

## Мобилност и меѓународна соработка




Во вториот сегмент на анализата се согледува мобилноста и меѓународната соработка како пристап во зајакнувањето на квалитетот на образовните процеси и активностите на самите наставно-образовни институции. Повторно е користена Ликертовата мерна скала од 1 до 7, каде што просечните вредности се движат помеѓу 3 и 5. Сепак, треба да се истакне

релативното потпросечно ниво со 2,99 во однос на можностите за ангажирање, услови за вработување и можности за напредување за студенти, истражувачи и наставници од други земји. Од друга страна, со релативна висока просечна оценка од 4,92 се перципира можноста за признавање на кредитите стекнати во странство, доследно користење на ЕКТС и додаток на дипломата, како и поврзување на квалификациите со Европската рамка на квалификации. Исто така, мобилноста на студентите и нејзината вграденост е релативно на високо ниво, со просечна оценка од 4,18, што, во основа, е над просекот.

Понатаму, во делот на рангирањето на спомenатите димензии според нивниот приоритет, се пресликуваат одговорите каде што потребата високообразовната институција да ја вградува студентската мобилност во своите наставни програми и да овозможува непречена соработка и размена на ниво на првиот и вториот циклус студии е поставена највисоко, на што одговориле 43,78 % од испитаниците. На второ место е обезбедувањето соодветни можности за ангажирање, услови за вработување и можности за напредување за студенти, истражувачи и наставници од други земји, на што одговориле 32,19 % од испитаниците. Додека, пак, на трето место, со 24 % од испитаниците, е рангирано признавањето на кредитите стекнати во странство, доследно користење на ЕКТС и додаток на дипломата, како и поврзување на квалификациите со Европската рамка на квалификации.

## Создавање триаголник на знаење



Во делот на создавањето на триаголник на знаење, каде што се поврзуваат различните елементи во насока на унапредување на квалитетот на образованието, со просечна вредност 3,4 се оценети активности поврзани со стимулирање на развојот на претприемачките, креативните и иновативните вештини во сите дисциплини и во сите три циклуси и промовирање на иновациите во високото образование преку повеќе интерактивна средина за учење. Во овој последен дел може да се истакне релативно ниското ниво на оценки дадени од испитаниците, што се рефлектира и во просечните вредности. Па така, земајќи предвид дека повторно се користи Ликертова скала од 1 до 7, очигледно е ниското ниво на вредности, односно просечните оценки се движат од 2,8 до 3,4. Во таа смисла, најниско е оценето постоењето на систематска вклученост на високообразовните институции во креирање на интегрирани локални и регионални развојни политики и поддршка на носителите на политиките кон соработка на релација високо образование - бизнис, особено за создавање на регионални центри на извонредност и специјализација.

Во делот на приоритетите кои ќе овозможат унапредување на квалитетот, највисоко е рангирана потребата за стимулирање на развојот на претприемачките, креативните и иновативните вештини во сите дисциплини и во сите три циклуси и промовирање на иновациите во високото образование преку повеќе интерактивна средина за учење, на што одговориле 39,4 % од испитаниците, а на второ место е потребата за обезбедување на систематска вклученост на високообразовните институции во креирање на интегрирани локални и регионални развојни политики и поддршка на носителите на политиките кон соработка на релација високо образование - бизнис, особено за создавање на регионални центри на извонредност и специјализација.

## 2.2. Остварени резултати во клучни полиња на образованието и науката

Мерење на остварените резултати во изминатиот петгодишен период се врши поради согледаната потреба да се добие поширока слика за постојната состојба на нивото на квалитет на одделни аспекти од работењето на Универзитетот. За таа цел, потребно е да се добијат квантитативни податоци за повеќе критериуми, кои се систематизирани по одделни полиња, како што е дадено подолу. Остварените резултати се мерат според критериумите кои се користат од водечките организации/агенции за рангирање на светските универзитети, како и според релевантни организации/агенции за акредитација на високообразовни институции. Остварените резултати се однесуваат на ниво на Универзитетот, како и на ниво на одделните факултети и институти.

Остварените резултати се поделени во следниве четири области:

- наставно-образовна дејност;
- научноистражувачка активност;
- меѓународна соработка;

- финансиски аспекти од работењето на УКИМ.

Во продолжение се сублимирани клучните сознанија до кои е дојдено низ анализата на прибраните податоци од членките на Универзитетот. Овие заклучоци треба да се сметаат за индикативни, но не и комплетни, бидејќи сите единици не доставиле податоци навреме. Поради обемноста на материјалот, тука се презентирани само заклучоците и некои од најзначајните табели, додека целокупниот прибран материјал со детална анализа е даден во прилог на оваа Стратегија.

### 2.2.1. *Наставно-образовна дејност*

Во овој дел, целта е да се добие претстава за неколку карактеристики на наставно-образовната дејност. Карактеристиките, соодветните индикатори, некои од клучните табели со податоци и заклучоците од анализата се дадени во продолжение:

Карактеристика: степен на следење на новите трендови и ажурност во приспособувањето на студиските и предметните програми.

Индикатори:

1. број на новововедени студиски програми во последните пет години (не се однесува на модифицирани програми);
2. број на новововедени предмети во последните пет години (не се однесува на модифицирани предмети или променети наслови на предмети);
3. број на предмети на кои наставата се изведува на англиски јазик (прозорци на мобилност);
4. број на предмети кои вклучиле нова технологија во наставата (разни форми на онлајн учење, дигитални платформи за учење, дисеминација на знаење и размена на информации).

**Заклучок:** Се чини дека најголемата активност во доменот на воведување нови студиски програми е во учебната 2013/2014 година. Потоа, нови програми се појавуваат во помал обем, при што во учебната 2017/2018 година започнале со работа 6 нови студиски програми на прв циклус, 3 на втор и 5 на трет циклус студии, што може да се оцени како задоволителна активност на Универзитетот во поглед на зголемувањето на понудата на нови можности за студирање и стручно усовршување.

Многу поповолна е сликата во однос на степенот на иновирање на студиските програми, кој се мери преку бројот на нововедени предмети, при што не се вклучуваат оние што се само модифицирани или кои го промениле само својот назив. Оваа активност се одвива во континуитет и нејзината динамика може да се согледа преку податоците од следнава табела:

| | Број на новововедени предмети (не се однесува на модифицирани предмети или променети наслови на предмети) | | |
|---|---|---|---|
| | Прв циклус | Втор циклус | Трет циклус |
| 2013/2014 | 140 | 327 | 90 |
| 2014/2015 | 91 | 48 | 119 |
| 2015/2016 | 26 | 63 | 38 |
| 2016/2017 | 38 | 34 | 42 |
| 2017/2018 | 111 | 132 | 88 |

Задоволителна е понудата на предмети на кои наставата се одвива на англиски јазик, што е неопходно за да се создадат услови за привлекување студенти од странство како редовни студенти или преку студентска размена. Бројот на овие дисциплини континуирано се зголемува и тој ја надминува бројката од 200 предмети на секој од трите циклуси на студии.

Карактеристика: задоволството на студентите од наставата.
Индикатор: просечни оценки од анкетите за самоевалуација на наставниот кадар.

**Заклучок:** Што се однесува на просечните оценки од анкетите за самоевалуација на наставниот кадар, во учебната 2013/2014 година, на прв циклус студии, таа изнесува 8,84, но достигнува до 9,24 во последната анализирана година. Пораст е забележан и на втор циклус студии, каде што таа е на нивото од 9,67.

Карактеристика: покриеност на наставата со соодветен наставен кадар и дополнителен персонал.

Индикатори:
1. број на студенти (додипломци) по академски кадар;
2. број на студенти (постдипломци) по академски кадар;
3. број на докторанди по академски кадар;
4. број на доктори на науки и број на дипломирани студенти на сите циклуси.

**Заклучок:** За да се анализираат овие карактеристики, прибрани беа податоци за бројот на запишани студенти, бројот на активни студенти и вработениот наставен и друг кадар на Универзитетот. Клучен е податокот дека на еден вработен од наставниот кадар, во просек доаѓаат по 19-20 студенти. Сепак, оваа бројка значително се разликува од единица до единица на Универзитетот и затоа ваквите анализи треба да се прават и на ниво на одделните единици.

Карактеристика: вработливост и развој на кариера на дипломираните студенти.

Индикатори:

1. број на алумни кои добиле меѓународни и национални награди во соодветни области (природно-математички науки, техничко-технолошки

науки, медицински науки и здравство, биотехнички науки, општествени науки, хуманистички науки и уметности) според релативната големина на Универзитетот;
2. број на алумни кои се на раководни позиции во домашни и меѓународни компании, институции и други организации во приватниот, јавниот и граѓанскиот сектор;
3. оценки од приватниот/јавниот сектор за квалификациите на дипломците (оценка врз основа на анкетата на работодавачи).

**Заклучок:** Во овој дел, евидентно е дека најголем дел од членките на Универзитетот не располагаат со информации за своите дипломирани студенти, поради што добиените податоци не ја отсликуваат актуелната состојба. Тоа, истовремено, наведува на сознанието дека е непходно да се воспостави практика на редовно следење на овие состојби.

## Квалитет и развој на наставниот кадар

Квалитетот на наставниот кадар е од клучно значење за подигнување на нивото на наставната и научната работа на Универзитетот. Овој дел се однесува на анализата на активностите кои се прават од страна на самите наставници, како и од страна на единиците во поглед на подигнувањето на квалитетот. На ова поле се анализирани следниве карактеристики и соодветните Индикатори:

Карактеристика: поврзаност со наставни и научни работници во земјата и во странство и развој на сопствените вештини.

Индикатори:

1. број на наставен кадар кој присуствувал на семинари, симпозиуми, работилници и други научни и стручни собири за стекнување на нови знаења и методи за изведување на настава (во оваа категорија не влегува учество на меѓународни научни конференции);
2. број на академски кадар кој добил меѓународни и национални награди во соодветни области (природно-математички науки, техничко-технолошки науки, медицински науки и здравство, биотехнички науки, општествени науки, хуманистички науки и уметности);
3. процент од буџетот потрошен за развој на наставниот кадар;
4. индекс на задоволство на наставниот кадар (анкетата на вработените).

**Заклучок:** Наставниците и соработниците редовно учествуваат на семинари, симпозиуми и наставни работилници во земјата и во странство. Во отуство на конкретен параметар за задоволителноста на овие состојби, може да се констатира дека бројот на учества се зголемува од година во година, при што за секоја од овие категории, бројката за последната анализирана година е за 30 до 50 % повисока во однос на почетокот на анализираниот период.
Бројот на добиени награди, разбирливо не е голем, но евидентно е дека се добиени награди и признанија како на национален, така и на меѓународен план.

Во поглед на издвојувањата од буџетот на единиците за развој на наставниот кадар, тој во вкупна големина расте, но, процентуално, се зголемува делот кој единиците го издвојуваат од сопствените средства, а се намалува неговото учество во вкупниот буџет на институциите, што наметнува заклучок дека изостанува поддршката од државата на ова поле.

### 2.2.2. *Научноистражувачка активност*

Научноистражувачката активност е составен дел од дејноста на академските институции и е од клучно значење за нивната меѓународна репутација, како и за подигнување на квалитетот на наставата. Нејзиниот квалитет го следиме преку една карактеристика и неколку индикатори.

Карактеристика: постигнати резултати во научноистражувачката дејност.

Индикатори:

1. вкупен број на научни трудови;
2. вкупен број на домашни научни трудови;
3. вкупен број на меѓународни научни трудови;
4. број на научни трудови на листата на Thompson Scientific's Science Citation Index и на Scopus;
5. број на публикувани монографии или делови од поглавја на книги печатени во странство.

**Заклучок**: Прибраните податоци покажуваат дека најчесто користен прозорец за промоција на резултатите на научните истражувања се меѓународните научни конференции, но наставниците од Универзитетот редовно се присутни и во списанијата со т.н. импакт-фактор. Сепак, евидентно е дека бројот на објавени трудови варира од година во година, и не бележи задоволителен пораст, што создава основа за загриженост.

| | Број на трудови | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Во годишници на академски институции | Во зборници од меѓународни конференции | Во домашни научни списанија | Во меѓународни научни списанија | На листата на Thompson Scientific's Science Citation Index | На листата на Scopus | Публикувани монографии или делови од поглавја на книги печатени во странство |
| 2013/2014 | 38 | 302 | 124 | 192 | 68 | 52 | 12 |
| 2014/2015 | 41 | 270 | 72 | 185 | 103 | 36 | 9 |
| 2015/2016 | 56 | 286 | 115 | 200 | 88 | 59 | 14 |
| 2016/2017 | 52 | 305 | 88 | 216 | 108 | 42 | 17 |
| 2017/2018 | 60 | 357 | 107 | 186 | 92 | 38 | 19 |

### 2.2.3. *Меѓународна соработка*

Во денешно време, меѓународната соработка на високообразовните институции се наметнува како клучен фактор за нивниот напредок и јакнење на меѓународната репутација. Неа ја анализираме преку следниве карактеристики и Индикатори:

Карактеристика: степен на меѓународна поврзаност на Универзитетот - академски кадар и студенти.

Индикатори:
1. број на странски студенти;
2. број на домашни студенти во странство;
3. соодност на меѓународни и домашни студенти;
4. број на странски истражувачи и професори;
5. број на домашни истражувачи и професори во странство;
6. соодност на меѓународен и домашен академски кадар;
7. процент на меѓународни коавторски научни трудови;
8. број на учества на студентски конгреси;
9. број на публикувани трудови на студенти.

**Заклучок**: Може да се заклучи дека меѓународната соработка на Универзитетот, особено во делот на наставата, не е на задоволително ниво. Бројот на странски професори што учествуваат во наставата годишно е во едноцифрени рамки, а бројот на наши професори кои изведувале настава во странство е двојно поголем, но и тој ретко надминува 20 наставници годишно. Студентите најчесто одат на практична работа во странство преку меѓународните организации (AIESEC, IAESTE, и др.), додека Универзитетот ваквиот вид на практика ја има воспоставено на минимално ниво.

Карактеристика: степен на меѓународна поврзаност на Универзитетот преку учество во меѓународни проекти.

Индикатори:
1. број на учества во меѓународни научни проекти;
2. приходи од реализирани меѓународни научни проекти.

**Заклучок**: Радува фактот што бројот на учества на Универзитетот во меѓународни проекти се зголемува од година во година. Тоа се претежно проекти од програмите FP7 и Horizon 2020, како и билатерални проекти, но евидентно е дека сите единици не учествуваат подеднакво во овие проекти, како и дека сè уште постои простор за продлабочување на ваквата активност.

### 2.2.3. *Финансиски аспекти од работењето на УКИМ*

Во овој дел се анализира финансиската состојба на Универзитетот, бидејќи таа е од клучно значење за реализација на сите тековни и стратегиски активности.

**Соработка со приватниот и јавниот сектор: трансфер на знаење и иновации.**

Карактеристика: поврзаност на наставната и научната дејност на Универзитетот со практиката и двонасочна размена со приватниот и јавниот сектор.

Индикатори:
1. вкупен број на проекти во соработка со приватниот и јавниот сектор;
2. приходи од истражување и соработка со приватниот/јавниот сектор;
3. приход од истражување и соработка со приватниот/јавниот сектор по академски кадар;
4. број на компании/институции со кои се склучени договори за реализација на практика/стажирање;
5. број на компании/институции со кои се склучени договори за стипендирање на студенти;
6. број на вработени во компании/институции кои учествувале во програмите за обука и развој реализирани од факултетите/институтите.

**Заклучок:** Бројот на проекти реализирани во соработка со приватниот и јавниот сектор стагнира, па дури и опаѓа. Истото се однесува и на вкупните приходи што Универзитетот ги остварува по овој основ, што е неповолен податок бидејќи тежиштето на неговото финансирање се пренесува на делот што се остварува од државниот буџет и од партиципацијата на студентите.

Бројот на склучени договори за остварување студентска практика се одржува константен, а тој е резултат на законската одредба за реализација на студентската практика.

**Поддршка на научните активности од страна на државата**

Карактеристика: степен на поддршка на научните активности на Универзитетот од страна на државата.

Индикатори:
1. број на научни проекти финансирани од државата;
2. вкупен паричен износ, доделен од државата, за реализација на научни проекти.

**Заклучок:** Финансиската поддршка на научните проекти континуирано се намалува, гледано како број на проекти, а како вкупен износ, таа го достигнува својот максимум во учебната 2014/2015 година, додека во последната година таа не е ниту на половина од овој износ.

**Поддршка на научните активности од страна на Универзитетот и единиците на Универзитетот**

Карактеристика: степен на поддршка на научните активности од страна на Универзитетот и единиците на Универзитетот.

Индикатори:

1. број на научноистражувачки активности финансирани од УКИМ;
2. вкупен паричен износ на научноистражувачки активности од УКИМ;
3. број на научни проекти финансирани од единиците на УКИМ;
4. вкупен паричен износ на научни проекти финансирани од единиците на УКИМ.

**Заклучок:** Бројот на проекти финансирани од страна на Универзитетот се одржува на стабилно ниво, но тој број и вкупниот буџет е ограничен со средствата што Универзитетот ги има на располагање за оваа активност.

**Вкупни извори на финансирање**

**Заклучок:** Во вкупните извори на финансирање на Универзитетот доминира владината контрибуција и таа се одржува на речиси константно ниво во текот на годините. По неа доаѓаат средствата од меѓународни проекти и школарините на студентите.

## 3. SWOT-АНАЛИЗА

SWOT-анализата претставува преглед на тековните состојби во поглед на предностите, слабостите, можностите и ограничувањата на Универзитетот и во неговото окружување и таа се употребува како основа за дефинирање на приоритетите и стратегиските и оперативните активности. Како што е погоре наведено, анализата е изработена со сумирање на одговорите добиени од раководителите на единиците на Универзитетот, при што тука се сублимирани најчестите одговори, соодветно формулирани, да одразуваат што е можно поголем број од ставовите на испитаниците.

ПРЕДНОСТИ:

1. најстар, најеминентен универзитет во земјата, препознатлив и на меѓународен план;
2. воспоставен функционален систем, организација и внатрешни односи на единиците, развивани и доградувани повеќе децении;
3. компетентен, квалитетен и искусен наставен кадар, способен да ги комбинира резултатите од научноистражувачките активности со наставата;
4. висок степен на покриеност на наставни и научни подрачја од страна на единиците на Универзитетот;
5. единствен универзитет во земјата што обезбедува квалитетни студиски програми во сите три циклуси на високото образование;
6. високо развиена научноистражувачка активност, со голем број трудови објавени во домашни и меѓународни публикации;
7. реализација на уметничка активност на уметничките факултети;
8. развој и поддршка на универзитетски спорт;

9. обезбедени просторни и инфраструктурни услови за изведување настава;
10. искуство во реализацијата на домашни и меѓународни научни проекти;
11. долгогодишно искуство во соработката со стопанството и јавниот сектор.

СЛАБОСТИ:

1. низок степен на координираност, соработка и интеграција помеѓу членките на Универзитетот;
2. отсуство на стратегиски поставени цели и приоритети;
3. недоволно финансиски средства за научноистражувачки и уметнички активности и недоволно дефинирани механизми за финансирање на научноистражувачка и уметничката работа и за универзитетски спорт;
4. отсуство на современи инфраструктурни и технички услови за научноистражувачка дејност;
5. отсуство на пристап до меѓународни бази на податоци и научноистражувачки публикации;
6. локациски проблем, во поглед на дисперзираноста на единиците на разни локации во градот;
7. недоволна понуда на алтернативни форми на настава кои би можеле да му се понудат на бизнис-секторот;
8. недоволна понуда на студиски и предметни програми на англиски јазик, што го отежнува меѓународното поврзување на Универзитетот;
9. недостаток на модалитети за студирање на далечина;
10. нецелосна покриеност со наставен и административен кадар, како и преоптовареност на кадарот на одделни факултети како резултат на буџетските ограничувања и владините политики во последните децении;
11. недоволна ангажираност на кадарот во истражувачка и апликативна дејност, во полето на соработката со стопанството и меѓународните проекти;
12. недоволна примена на мерки за контрола на квалитетот и мерки за подобрување на системот за управување со квалитетот;
13. недостиг на стручна литература на македонски јазик на дел од факултетите;
14. непостоење на организација на дипломците на Универзитетот (алумни).

МОЖНОСТИ:

1. воспоставени контакти, склучени договори и соработка со странски универзитети, што може да се искористи за реализација на заеднички проекти и мобилност на наставен кадар и студенти;
2. компатибилност со студиските програми на еминентни универзитети;
3. широка и бројна база на поранешни студенти (алумни), кои се наоѓаат на клучни позиции во земјата и во странство;
4. можност за развој на форми на доквалификација и преквалификација за потребите на бизнис-секторот, развој на инкубатори, акцелератори и реализација на заеднички проекти;

5. висок интерес за дипломците на Универзитетот од страна на приватниот сектор, во споредба со останатите универзитети;
6. искористување на реномето на Универзитетот за негово вклучување во креирањето политики, стратешки документи и анализи;
7. познавањето странски јазици и новите технологии отвораат можности за развој на форми на далечинско учење;
8. користење на странски фондови и програми за финансирање на научноистражувачка дејност и учество во меѓународни проекти;
9. искористување на општественото влијание на Универзитетот за ревидирање на моделот на финансирање на високото образование.

ОГРАНИЧУВАЊА:

1. недоволна и опаѓачка финансиска поддршка на научноистражувачките и уметничките активности од страна на државата;
2. недоволно дефиниран систем на финансирање на наставната, научната и уметничка дејност во високото образование и дестимулативно ниски плати;
3. континуирани посегнувања по автономијата на Универзитетот;
4. недоволна финансиска автономија, што го попречува планирањето на кадровскиот, инфраструктурниот и организацискиот развој;
5. создавање нови универзитети финансирани од државата врз нејасни критериуми, со што се одлева дел од средствата наменети за финансирање на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“;
6. влијание на централната власт и политиките врз работењето на Универзитетот, чести промени на законите и правна несигурност;
7. отсуство на национална стратегија за високото образование, односно нејзино недоследно спроведување;
8. намалување на бројот на студенти од демографски и други причини;
9. ограничени можности за вработување, односно обнова на наставниот и административниот кадар;
10. дисторзии на пазарот на работна сила, кои даваат погрешни сигнали за креирањето студиски програми, за квалитетот на студиите, можностите за вработување и сл.;
11. недоволна кооперативност на надлежните министерства и други државни органи;
12. недоволен интерес од страна на бизнис-секторот и државата за искористување на научниот, уметничкиот и стручниот потенцијал на Универзитетот.

## 4. СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ има клучна улога во одржувањето и развојот на бројни наставни, научни и уметнички дисциплини во Република Македонија. Во следниот период, тој има обврска да продолжи со реализацијата на мисијата, да ја задржи својата позиција на водечки

универзитет во земјата, но и континуирано да работи на афирмација на македонската високообразовна , научна и уметничка дејност на меѓународен план. Врз основа на спроведената SWOT-анализа и анкета на раководителите на единиците на Универзитетот, како и резултатите од анкетното истражување спроведено помеѓу професорите, како клучни стратегиски цели и соодветни стратегиски и оперативни активности за претстојниот период се издвојуваат:

1. осовременување на студиските програми и креирање нови студиски програми, во согласност со потребите на пазарот на трудот и бизнис-заедницата, со современи методи на настава и вклучување најнови сознанија;
2. подигнување на квалитетот на научноистражувачката и уметничка дејност;
3. подобрување на меѓународната репутација на Универзитетот и негово рангирање на листите на еминентни универзитети;
4. зголемување на меѓународната соработка и поголема мобилност на наставниот кадар и студентите;
5. поголема внатрешна интегрираност и кохезија на Универзитетот;
6. обезбедување на одржливо финансирање, стратегиско планирање и развој;
7. кадровско подмладување и пополнување на составот на вработените на Универзитетот, зајакнување на кадровскиот потенцијал преку стручно усовршување и развој, како и подобрување на стандардот на наставно-научниот кадар и студентите;
8. развој на ИКТ-инфраструктурата и електронските сервиси за вработените и студентите;
9. зајакнување на улогата на Универзитетот во сите стопански, општествени, спортски, културни, реформски и други процеси во земјата и нејзината меѓународна афирмација.

## 5. СТРАТЕГИСКИ И ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Со цел да се остварат поставените стратегиски цели и приоритети, во продолжение се дадени активностите со кои треба да се операционализираат овие цели. Дел од нив имаат стратегиски карактер и треба дополнително од нив да се изведат конкретни активности, а дел се со оперативен карактер и тие треба да се конкретизираат во акционите планови кои ќе произлезат од овој стратегиски план. Сите активности се поделени во пет клучни области, согласно со идентификуваните клучни полиња на делување во кои треба да се насочи идното делување на Универзитетот, со цел да се надминат воочените слабости и да се подигне општото ниво на квалитетот во сите домени.

**На полето на наставата:**

1. потесна соработка со бизнис-заедницата преку реализација на заеднички проекти и вклучување на нејзини претставници во процесите на осовременување на студиските програми;
2. подобрување на условите за настава преку инвестиции во осовременување на просториите, опремата и примена на нови дигитални технологии во изведување на наставата (онлајн учење, дигитални платформи за размена на информации и дисеминација на знаење и др.);
3. зајакнување на потенцијалот на наставниот кадар преку поддршка на неговото стручно усовршување и стекнување на способности и вештини во спроведување на современи наставни методи и активности.

**На полето на науката и стручно-апликативната дејност:**

1. поголема соработка меѓу единиците на Универзитетот на полето на наставата и науката;
2. обезбедување поголеми средства за научноистражувачка работа од сопствени извори и од државата;
3. формирање на фонд за кофинансирање при учество во меѓународни проекти;
4. пристап до бази на податоци и научни публикации;
5. стимулирање на научноистражувачката стручно-апликативната и уметничка активност на Универзитетот;
6. унапредување на соработката со стопанството преку зголемување на иновациите, технолошкиот развој и применети истражувања во разни области;
7. основање иновативни стартап и спиноф трговски друштва за реализација на научноистражувачки и стручно-апликативни проекти;
8. основање лаборатории, акцелератори, хабови и други центри за реализација на научни и апликативни активности;
9. олеснување на административните постапки за реализација на проекти;
10. воведување служба за поддршка на комерцијализацијата на резултатите од истражувањата;
11. воведување на постдокторски студии;
12. воведување на програми за доживотно учење.

**На полето на меѓународната афирмација и соработка:**

1. унапредување на меѓународната соработка (билатерални договори, меморандуми за соработка, заеднички проекти);
2. развој на заеднички студиски програми со странски универзитети, како и воведување програми со двојна диплома;
3. зголемување на препознатливоста на постојните студиските програми;
4. обезбедување на стручна и административна поддршка за поголема мобилност на наставниот кадар и студентите;

5. привлекување на странски студенти и визитинг-професори од странски универзитети;
6. зголемување на учеството на кадарот во меѓународни организации.

**Интеграција и афирмација на Универзитетот:**

1. подобрување на ИКТ-системот на Универзитетот;
2. унапредување на функционалноста на интегративните сервиси на Универзитетот;
3. создавање заедничка ризница (база) од трудови на сите вработени на Универзитетот;
4. развој на стратегија за финансиска и друга поддршка на спортската и уметничката активност на студентите и наставниците, со цел афирмација на спортските, културните и уметничките достигнувања на Универзитетот.

**Кадровски, финансиски и материјални аспекти:**

1. вработување млад кадар, согласно со потребите на единиците на Универзитетот;
2. пополнување на сите упразнети позиции на наставен кадар, но и во администрацијата на единиците на Универзитетот;
3. зголемување на партиципацијата за студирање, согласно со цената на чинење на студиите;
4. зголемување на финансиската автономија на Универзитетот, посебно во располагањето со средствата за научноистражувачка дејност;
5. подобрување на условите во студентските домови;
6. унифицирање на трошоците на студирање во сите единици на Универзитетот.

## 6. *ПРИЛОГ 1:* ДЕТАЛНИ ПОДАТОЦИ И АНАЛИЗА НА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО КЛУЧНИ ПОЛИЊА НА ОБРАЗОВАНИЕТО И НАУКАТА

**Забелешка**: Табелите содржани во овој дел ги опфаќаат само податоците од единиците на Универзитетот кои се доставени во предвидениот рок.

### 6.1 Наставно-образовна дејност

Индикатор: број на новововедени студиски програми во последните пет години (не се однесува на модифицирани програми).

Во однос на **иновирање на понудата на студиски програми** во учебната 2013/2014 година, воведени се 25 нови студиски програми на прв циклус, 53 на втор циклус и 7 на трет циклус студии.

Во однос на останатите периоди, нема нови студиски програми сѐ до учебната 2017/2018, каде што се евидентирани 6.

На втор циклус студии, во учебната 2014/2015 година се забележани 2 нови студиски програми, а до крајот на периодот, секоја година се појавуваат по 3 нови студиски програми и така сѐ до последната учебна 2017/2018 година.

На трет циклус студии има скок од 11 нови студиски програми во учебната 2014/2015 година, 9 нови студиски програми во учебната 2015/2016, во учебната 2016/2017 нема ниту една и потоа во учебната 2017/2018 година повторно се забележуваат 5 нови студиски програми.

| | Број на новововедени студиски програми (не се однесува на модифицирани програми) | | |
|---|---|---|---|
| | Прв циклус | Втор циклус | Трет циклус |
| 2013/2014 | 25 | 53 | 7 |
| 2014/2015 | 0 | 2 | 11 |
| 2015/2016 | 0 | 3 | 9 |
| 2016/2017 | 0 | 3 | 0 |
| 2017/2018 | 6 | 3 | 5 |

Индикатор: број на новововедени предмети во последните пет години (не се однесува на модифицирани предмети или променети наслови на предмети).

Во однос на **степенот на иновирање на студиските програми,** кој се мери преку бројот на новововедени предмети, при што не се вклучуваат оние кои се само модифицирани или кои го промениле само својот назив, очигледно е постоењето на најголема активност во текот на учебната 2013/2014 година на прв, втор и трет циклус студии. Така, на прв циклус се воведени 140 нови предмети, на втор циклус – 327 нови предмети, а на трет циклус студии – 90 нови предмети. Во периодите што следат има варијации, па така, во учебната 2014/2015 година, на прв циклус има 91 новововеден предмет, на втор циклус – 48, а на трет циклус студии – 119 нови предмети.

Во следниот период, бројот на новововедени предмети варира од година во година, при што не може да се забележи некоја конкретна тенденција, така што во последниот период, во учебната 2017/2018 година, воведени се нови 111 предмети на прв циклус, 132 предмети на втор циклус и 88 нови предмети на трет циклус студии.

| | Број на новововедени предмети (не се однесува на модифицирани предмети или променети наслови на предмети) | | |
|---|---|---|---|
| | Прв циклус | Втор циклус | Трет циклус |
| 2013/2014 | 140 | 327 | 90 |
| 2014/2015 | 91 | 48 | 119 |
| 2015/2016 | 26 | 63 | 38 |
| 2016/2017 | 38 | 34 | 42 |
| 2017/2018 | 111 | 132 | 88 |

Индикатор: број на предмети на кои наставата се изведува на англиски јазик (прозорци на мобилност).

Во делот на **понуда на настава на англиски јазик** (прозорци на мобилност), во учебната 2013/2014 година постоеле дури 250 предмети на прв циклус на англиски јазик, 149 на втор циклус и 164 на трет циклус студии.

Во наредните два периода, имено, во учебната 2014/2015, па потоа и во учебната 2015/2016 година, на **прв циклус студии** се забележани 165 предмети на англиски јазик. Во наредната учебна 2016/2017 година, бројот на предмети на англиски јазик е 188, а во учебната 2017/2018 година има дури 280 предмети каде што наставата се изведува на англиски јазик.

На **втор циклус студии,** во двата периода, во учебната 2014/2015, како и во учебната 2015/2016 година, има по 56 предмети кои се изведуваат на англиски јазик. Понатаму, бројката расте на 137 во учебната 2016/2017, за евентуално, во учебната 2017/2018 година да достигне дури 233 предмети кои се изведуваат на англиски јазик.

На **трет циклус студии,** бројките се движат од 197 предмети на англиски јазик во учебната 2014/2015, понатаму приближно слично, 171 и 164, за учебните 2015/2016 и 2016/2017 година. Како и на другите нивоа, така и на трет циклус студии постои значаен скок на 225 предмети на англиски јазик.

| | Број на предмети на кои наставата се изведува на англиски јазик | | |
|---|---|---|---|
| | Прв циклус | Втор циклус | Трет циклус |
| 2013/2014 | 250 | 149 | 164 |
| 2014/2015 | 165 | 57 | 197 |
| 2015/2016 | 165 | 57 | 171 |
| 2016/2017 | 188 | 138 | 164 |
| 2017/2018 | 280 | 234 | 225 |

Индикатор: број на предмети кои вклучиле нова технологија во наставата (разни форми на онлајн учење, дигитални платформи за учење, дисеминација на знаење и размена на информации).

Во однос на ***бројот на предмети кои вклучиле нова технологија во наставата,*** постои евиденција која прикажува најниско ниво во учебната 2013/2014, каде што 179 предмети на прв циклус, 43 на втор циклус и само 4 на трет циклус студии се вклучени во ваквата активност. Природно, во наредниот период, бројот на предметите кои вклучуваат нови технологии расте.

За **прв циклус студии**, прикажани се 183 предмети кои вклучиле нова технологија во наставата во учебната 2014/2015, па сè до 220 во учебната 2016/2017, а бројката е многу слична и за учебната 2017/2018 година, со 219 предмети.

За **втор циклус студии,** за учебната 2014/2015 се евидентирани 27 предмети кои вклучиле нова технологија. Понатаму, бројките се многу слични за наредните периоди со: 49 во учебната 2015/2016, 38 во учебната 2016/2017, а во учебната 2017/2018 – 42 предмета во делот на новата технологија како дел од наставата.

За **трет циклус студии,** бројките се приближуваат, па така за учебната 2014/2015, бројот изнесува 11, за наредната учебна 2015/2016, бројот на предмети е 9, потоа за учебната 2016/2017 достигнува 10, за евентуално во учебната 2017/2018 година да се искачи до 16 предмети кои вклучиле нова технологија во наставата.

| | Број на предмети кои вклучиле нова технологија во наставата | | |
|---|---|---|---|
| | Прв циклус | Втор циклус | Трет циклус |
| 2013/2014 | 179 | 43 | 23 |
| 2014/2015 | 183 | 27 | 34 |
| 2015/2016 | 204 | 49 | 33 |
| 2016/2017 | 220 | 38 | 36 |
| 2017/2018 | 219 | 42 | 45 |

Индикатор: просечни оценки од анкетите за самоевалуација на наставниот кадар.

Што се однесува до просечните оценки од анкетите за самоевалуација на наставниот кадар, таа е на најниско ниво во учебната 2013/2014 година на **прв циклус студии** со просечна оценка 8,84.

Просечната оценка се движи од 9,25 за учебната 2014/2015, 9,21 за учебната 2015/2016, 9,27 за учебната 2016/2017 и во учебната 2017/2018 година, просечната оценка е 9,24 за прв циклус студии.

Кај **втор циклус студии,** просечната оценка има релативно стабилно ниво со најниска просечна оценка од 9,44 во учебната 2013/2014, а потоа во наредните периоди се движи околу 9,6 и достигнува највисоко ниво од 9,67 во учебната 2017/2018 година.

Кај **трет циклус студии,** најниската оценка е 9,4 во учебната 2017/2018, а се забележува евентуално повисока просечна оценка во учебните 2014/2015 и 2015/2016 година од 9,5 и 9,7.

| | Просечни оценки | | |
|---|---|---|---|
| | Прв циклус | Втор циклус | Трет циклус |
| 2013/2014 | 8,84 | 9,44 | |
| 2014/2015 | 9,25 | 9,60 | 9,60 |
| 2015/2016 | 9,21 | 9,66 | 9,70 |
| 2016/2017 | 9,27 | 9,63 | 9,35 |
| 2017/2018 | 9,24 | 9,67 | 9,40 |

Индикатори:

1. број на студенти (додипломци) по академски кадар;
2. број на студенти (постдипломци) по академски кадар;
3. број на докторанди по академски кадар;
4. број на доктори на науки и број на дипломирани студенти на сите циклуси.

Во делот на **новозапишани студенти,** очигледен е трендот на намалување на секој од трите степени на студии. Па така, од 4 429 новозапишани студенти во учебната 2013/2014, бројката опаѓа до ниво од 4 007 во учебната 2017/2018 година на прв циклус студии. Сразмерно слична е ситуацијата и кај втор циклус студии со 856 запишани во учебната 2013/2014, за во учебната 2017/2018 година бројката речиси да се преполови на 456 запишани студенти. Кај трет циклус студии, варијациите се значително пониски: 66 кандидати во учебната 2013/2014, а во учебните 2014/2015 и 2015/2016 година – 76 и 74 кандидати. Потоа пад на 49 во учебната 2016/2017 и 61 новозапишан кандидат на трет циклус студии е евидентиран за учебната 2017/2018 година.

| | Број на новозапишани студенти | | | Број на дипломирани студенти | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Прв циклус | Втор циклус | Трет циклус | Прв циклус | Втор циклус | Трет циклус |
| 2013/2014 | 4429 | 856 | 66 | 3313 | 721 | 55 |
| 2014/2015 | 4225 | 720 | 76 | 3127 | 657 | 57 |
| 2015/2016 | 4176 | 568 | 74 | 2739 | 571 | 67 |
| 2016/2017 | 4161 | 525 | 49 | 2619 | 510 | 50 |
| 2017/2018 | 4007 | 456 | 61 | 2509 | 425 | 206 |

Во голема мера, сликата е пропорционална и во делот на комплетирањето на различните степени на студии, барем што се однесува на *прв и втор циклус студии*. Постои една очигледна бројка од 206 кандидати кои се здобиле со највисокиот степен и го комплетирале третиот степен на студии во учебната 2017/2018.

Во делот на вкупниот број на студенти на **прв циклус студии** од 17 836 во учебната 2013/2014 година, бројката почнува да се искачува на 18 145 студенти наредната учебна 2014/2015 година. Тој позитивен тренд трае наредните две учебни години, па така бројот се искачува на 19 127 во учебната 2015/2016 и уште повеќе, 19 323 за учебната 2016/2017 година. Во последната учебна 2017/2018 година има мало намалување и вкупниот број на студенти на прв циклус студии изнесува 18 979.

За **втор циклус студии,** вкупниот број од 1 203 во учебната 2013/2014, во следната учебна 2014/2015 постигнува највисоко ниво од 1 257, за веќе наредната учебна година да падне на 1 128 студенти. Понатаму, трендот на опаѓање продолжува со 1 122 во учебната 2016/2017, а во учебната 2017/2018 година, вкупниот број студенти на втор циклус изнесува 1 013.

Што се однесува на **трет циклус студии,** ситуацијата е различна. Во таа смисла, вкупниот број е 159 за учебната 2013/2014, за во наредната учебна 2014/2015 година да се искачи на 209. Следната учебна 2015/2016 година, бројот е 226, па наредната незначително опаѓа на 211, за во последната учебна 2017/2018 година да достигне ниво од 242 вкупен број студенти на трет циклус студии.

| | Вкупен број студенти на прв циклус | Вкупен број студенти на втор циклус | Вкупен број студенти на трет циклус |
|---|---|---|---|
| 2013/2014 | 17836 | 1203 | 159 |
| 2014/2015 | 18145 | 1257 | 209 |
| 2015/2016 | 19127 | 1128 | 226 |
| 2016/2017 | 19323 | 1122 | 211 |
| 2017/2018 | 18979 | 1013 | 242 |

Во делот на кадарот ангажиран во рамките на УКИМ, бројот од 964 соработници со полно работно време во учебната 2013/2014, се намалува на 941 во следната учебна 2014/2015 година. Притоа, најниската точка од 901 ја постигнува во учебната 2015/2016, по што во наредните две учебни години се зголемува на 1 097 во учебната 2016/2017 и 1045 во учебната 2017/2018 година.

Во делот на административниот персонал, бројките се релативно константни и изнесуваат околу четиристотини лица, поточно 441 за учебната 2013/2014, исто и за учебната 2014/2015 година. Се бележи мал пораст во учебната 2015/2016 на ниво над петстотини, поточно 513, а највисокото ниво е постигнато во учебната 2016/2017 година од 537 лица ангажирани во делот на административните аспекти.

| | Број на наставници и соработни-ци со полно работно време | Број на лица од други институции ангажирани во наставата (од бизнисот, јавниот сектор и сл.) | Број на админи-стративе н персонал | Нововрa-ботени лица во наставни -от кадар | Нововрa-ботени лица во админист рацијата |
|---|---|---|---|---|---|
| 2013/2014 | 1043 | 183 | 455 | 1 | 0 |
| 2014/2015 | 1019 | 190 | 454 | 5 | 19 |
| 2015/2016 | 978 | 192 | 483 | 14 | 69 |
| 2016/2017 | 1173 | 209 | 522 | 11 | 68 |
| 2017/2018 | 1114 | 268 | 545 | 15 | 6 |

Што се однесува до нововработените лица во делот на наставниот кадар, целосно **на универзитетско ниво оваа бројка е помала од 20.** Најмал е бројот на нововработени во учебната 2013/2014 со 1 лице, а следната учебна 2014/2015 година очигледен е трендот и е евидентиран вкупен број од 5 лица. Во учебната 2015/2016 година, бројката се искачува на 13 и се задржува над 10 во наредните две учебни години, па соодветно изнесува 11 за учебната 2016/2017 и 14 за учебната 2017/2018 година.

Во делот на **администрацијата,** бројот и трендовите се разликуваат. Па така, од ниту едно нововработено лице во учебната 2013/2014, бројот се искачува на 19 во наредната учебна 2014/2015 година. Дополнително позначајно се зголемува бројот на нововработени во администрацијата во учебната 2015/2016, како и во учебната 2016/2017 година, со 69, односно 68 лица. Во таа насока, во последната учебна 2017/2018 година се новоангажирани само 6 лица.

Индикатори:

1. број на алумни кои добиле меѓународни и национални награди во соодветни области (природно-математички науки, техничко-технолошки

науки, медицински науки и здравство, биотехнички науки, општествени науки, хуманистички науки и уметности) според релативната големина на Универзитетот;
2. број на алумни кои се на раководни позиции во домашни и меѓународни компании, институции и други организации во приватниот, јавниот и граѓанскиот сектор;
3. оценки од приватниот/јавниот сектор за квалификациите на дипломците (оценка врз основа на анкетата на работодавачи).

Во делот на бројот на **алумни** кои добиле меѓународни и национални награди во соодветни области (природно-математички науки, техничко-технолошки науки, медицински науки и здравство, биотехнички науки, општествени науки, хуманистички науки и уметности), релативно ниски бројки се евидентирани од страна на членките на Универзитетот, и тие не надминуваат 15. Па така се смета дека оваа бројка започнува со: 9 во учебната 2013/2014, 11 за учебната 2014/2015, како и за учебната 2015/2016, и релативно слично, 10 за учебната 2016/2017 и 12 за учебната 2017/2018 година.

Во делот на алумни кои се активни на раководни позиции, бројките се поголеми и се на ниво над 100, и тоа: 103 во учебната 2013/2014 и 114 за учебните 2014/2015 и 2015/2016 година. Во наредните две учебни години, бројката се искачува над 130 и соодветно за учебната 2016/2017 е 135, а за учебната 2017/2018 година е 137.

Мора да се наведе во овој дел дека најголем дел од членките на Универзитетот немаа информации и во таа насока треба да се истакне дека овие податоци не ја отсликуваат актуелната состојба, а истовремено треба да се поставаат посоодветни практики за следење на овие информации.

| | Број на алумни кои добиле меѓународни и национални награди | Број на алумни кои се на раководни позиции |
|---|---|---|
| 2013/2014 | 9 | 103 |
| 2014/2015 | 11 | 114 |
| 2015/2016 | 11 | 114 |
| 2016/2017 | 10 | 135 |
| 2017/2018 | 12 | 137 |

Во делот на оценувањето од страна на приватниот/јавниот сектор за квалификациите на дипломците (оценка врз основа на анкетата на работодавачи: испитаниците се прашуваат од кои универзитети имаат најдобро квалификувани дипломци), може да се утврди **дека анкетата не е изработена и нема соодветни информации во овој дел. Дискусиите во јавноста кои негативно ги оценуваат образовните процеси во однос на пресретнување на потребите на работодавачите треба соодветно да се евалуираат, со цел да се добијат релевантни податоци за анализа.**

Индикатор: број на наставен кадар кој присуствувал на семинари, симпозиуми, работилници и други научни и стручни собири за стекнување на нови знаења и методи за изведување на настава (во оваа категорија не влегува учество на меѓународни научни конференции).
Во делот на учеството на наставниот кадар на семинари, симпозиуми, работилници и други научни и стручни собири за стекнување на нови знаења и методи за изведување на настава (во оваа категорија не влегува учество на меѓународни научни конференции), очигледно и логично е највисокото учество на такви настани во земјата. Во таа смисла, нивото е над 300, почнувајќи од учебната 2013/2014 со 311, проследено со слаб пад од 298 во следната учебна 2014/2015 година. Во наредната учебна 2015/2016, бројката се искачува дури на 395, за потоа да се намали на 356 во учебната 2016/2017 година, а евентуално највисокото ниво го достигнува со 436 во учебната 2017/2018 година. Во делот на семинари и симпозиуми во странство, континуирано бројката се движи помеѓу 200 и 300, при што на почетокот во учебната 2013/2014 е 220 за да достигне 252 наредната учебна 2014/2015 година. Потоа расте на 276 во учебната 2015/2016, а веќе наредната има симболичен пад на 260. Највисокото ниво се постигнува во учебната 2017/2018 со бројка од над 300 семинари и симпозиуми во странство, поточно 323.

Интересно е што ситуацијата во делот на работилниците е различна, и во таа смисла нема толкава разлика во делот на учеството на работилници во земјата и во странство. Напротив, по учебната 2016/2017 се забележува зголемување на бројот на работилниците во странство, и истовремено оваа бројка ги надминува домашните работилници. Почнувајќи со 131 работилница во земјата и 123 работилници во странство за учебната 2013/2014, најголема разлика има во наредните две учебни години, каде што се евидентирани 130 работилници во земјата во учебната 2014/2015 и 155 работилници во земјата во учебната 2015/2016. Од друга страна, соодветно, вкупниот број на евидентирани работилници во странство изнесува: 104 за учебната 2014/2015 и 117 за учебната 2015/2016 година.

| | Број на учества од УКИМ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Семинари и симпозиуми во земјата | Семинари и симпозиуми во странство | Наставни работилници во земјата | Наставни работилници во странство |
| 2013/14 | 311 | 220 | 131 | 123 |
| 2014/15 | 298 | 252 | 130 | 104 |
| 2015/16 | 395 | 276 | 155 | 117 |
| 2016/17 | 356 | 260 | 113 | 213 |
| 2017/18 | 436 | 323 | 162 | 223 |

Индикатор: број на академски кадар кој добил меѓународни и национални награди во соодветни области (природно-математички науки, техничко-

технолошки науки, медицински науки и здравство, биотехнички науки, општествени науки, хуманистички науки и уметности).

Во однос на бројот на академски кадар кој добил меѓународни и национални награди во соодветни области (природно-математички науки, техничко-технолошки науки, медицински науки и здравство, биотехнички науки, општествени науки, хуманистички науки и уметности), очигледно е релативно ниското ниво. Па така, во учебната 2013/2014 се прикажани 9 национални награди, кои биле во пораст во учебната 2014/2015 со 8 и во учебната 2015/2016 со 13. Оваа бројка е проследена со пад на 11 во учебната 2016/2017 и само 2 во учебната 2017/2018 година.
Од друга страна, меѓународните награди се на уште пониско ниво. Па така, бројот на академски кадар кој добил меѓународни награди во учебната 2013/2014 се сведува на само 3, во наредната учебна 2014/2015 се придвижува и доаѓа до 5, за во учебната 2015/2016 година да достигне ниво од 7, што е идентично и за учебната 2016/2017 година. Во учебната 2017/2018 година паѓа на 2, кои се евидентирани како добитници на меѓународни награди.

| | Број на академски кадар кој добил национални награди | Број на академски кадар кој добил меѓународни награди |
|---|---|---|
| 2013/14 | 9 | 3 |
| 2014/15 | 8 | 5 |
| 2015/16 | 13 | 7 |
| 2016/17 | 11 | 7 |
| 2017/18 | 2 | 2 |

Индикатор: процент од буџетот потрошен за развој на наставниот кадар.

Што се однесува до процентот од буџетот потрошен за развој на наставниот кадар, тој се движи од највисоки 36 % во учебната 2013/2014, во наредниот период процентуално има помали придвижувања, при што најниската точка е евидентирана во учебната 2017/2018 од 11 %. Дополнително, овој процент се зголемува ако се пресметува како процент од буџетот земајќи ги предвид сопствените средства и евентуално изнесува над 78 %. Потребно е да се истакне дека во апсолутен износ, потрошените средства за развој на наставниот кадар се најниски во учебната 2013/2014 година и изнесуваат 6,504,824 денари. Понатаму, највисокиот износ на потрошени средства за развој на наставниот кадар изнесува 11,637,249 денари.

| | Износ на потрошени средства за развој на наставниот кадар | Процент од буџетот потрошен за развој на наставниот кадар | Процент од буџетот (сопствени средства) потрошен за развој на наставниот кадар |
|---|---|---|---|
| 2013/14 | 6,504,824 | 36 | 80 |
| 2014/15 | 8,063,955 | 37 | 78 |
| 2015/16 | 10,761,635 | 35 | 96 |
| 2016/17 | 8,519,813 | 33 | 80 |
| 2017/18 | 11,637,249 | 11 | 107 |

Индикатор: индекс на задоволство на наставниот кадар (анкетата на вработените).
Индексот се движи над 3 на скала од 1 до 5, каде што 1 е најниско, а 5 највисоко.

| | Просечни оценки | Други мерки за оценување на состојбите |
|---|---|---|
| 2013/2014 | 3,195 | 0 |
| 2014/2015 | 3,18 | 0 |
| 2015/2016 | 3,2 | 0 |
| 2016/2017 | 3,22 | 0 |
| 2017/2018 | 3,13 | 0 |

## 6.2. Научноистражувачка активност

Индикатори:

1. вкупен број на научни трудови;
2. вкупен број на домашни научни трудови;
3. вкупен број на меѓународни научни трудови;
4. број на научни трудови на листата на Thompson Scientific's Science Citation Index и на Scopus;
5. број на публикувани монографии или делови од поглавја на книги печатени во странство.

Во делот на научноистражувачките параметри, главни индикатори се бројот на објавени трудови, па во таа насока најприсутни се трудовите во зборници од меѓународни конференции. Притоа, оваа бројка е најниска за учебната 2014/2015 со 270 објавени трудови, а највисока во учебната 2017/2018 година со 357 трудови во зборници од меѓународни конференции. Истовремено е релативно повисок бројот на објавени трудови во домашни научни списанија, како и во меѓународни научни списанија. Па така, највисока бројка на објавени трудови во меѓународни списанија е забележана во учебната 2016/2017 (216), а најниска, во учебната 2015/2015 година (185). Паралелно, највисоката бројка кај трудовите објавени во домашни научни списанија е 124, и тоа во учебната

2013/2014, додека најниската е веќе наредната учебна година со објавени 72 труда.

Интересно е за нијанса посилното присуство на бројот на трудови на листата на Thompson, отколку на Scopus. Па така, најголемиот број на трудови објавени во списанија интегрирани на листата Thompson Reuters е 108 во учебната 2016/2017 година. Додека, пак, најмалиот број во однос на објавените трудови индексирани на листата на Thompson Reuters е 68.

Од друга страна, во списанија индексирани на листата на Scopus се објавени најголем број на трудови во учебната 2015/2016 година и вкупниот број изнесува 59. Додека, пак, најниско ниво на објавени трудови во списанија индексирани во Scopus е забележано во учебната 2014/2015 година.

Најмал, секако, е бројот на прикажани публикации, како што се монографии или делови од поглавја на книги печатени во странство. Бројките се релативно ниски во распон од 9 во учебната 2014/2015 и 19 во учебната 2017/2018 година.

| | | | Број на трудови | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Во годишници на академски институции | Во зборници од меѓународни конференции | Во домашни научни списанија | Во меѓународни научни списанија | На листата на Thompson Scientific's Science Citation Index | На листата на Scopus | Публикувани монографии или делови од поглавја на книги печатени во странство |
| 2013/2014 | 38 | 302 | 124 | 192 | 68 | 52 | 12 |
| 2014/2015 | 41 | 270 | 72 | 185 | 103 | 36 | 9 |
| 2015/2016 | 56 | 286 | 115 | 200 | 88 | 59 | 14 |
| 2016/2017 | 52 | 305 | 88 | 216 | 108 | 42 | 17 |
| 2017/2018 | 60 | 357 | 107 | 186 | 92 | 38 | 19 |

## 6.3. Меѓународна соработка

Индикатори:

1. број на странски студенти;
2. број на домашни студенти во странство;
3. соодност на меѓународни и домашни студенти;
4. број на странски истражувачи и професори;
5. број на домашни истражувачи и професори во странство;
6. соодност на меѓународен и домашен академски кадар;
7. процент на меѓународни коавторски научни трудови;
8. број на учества на студентски конгреси;
9. број на публикувани трудови на студенти.

Што се однесува до активностите на **студентите, бројот на студенти што поминале семестар/година во странство** е на најниско ниво во учебната 2016/2017 (со 103 студенти), додека највисоко ниво достигнува претходната учебна 2015/2016 година (со 249 студенти).

Во делот на присуството на странските студенти, евидентен е падот на вкупниот број во рамките на Универзитетот. Па така, евидентираното максимално ниво од 776 студенти во учебната 2013/2014, се спушта на 336 студенти во учебната 2017/2018 година.

Кај број на **наставници кои изведувале настава на странски универзитет,** највисоката бројка е достигната во учебната 2014/2015 (со 62), а веќе во наредната учебна 2015/2016 година се забележува значаен пад и најниско ниво од 28 наставници кои имале можност да изведуваат настава на странски универзитет.

Бројот на **објавени трудови во коавторство со странски професори** е на релативно ниско ниво на Универзитетот, па така прикажани се: само 4 такви случаи во учебната 2013/2014, 12 за следните две учебни 2014/2015 и 2015/2016 година, како и 10 и 11 во наредните учебни 2016/2017 и 2017/2018 година.

Во делот на **реализирани научноистражувачки студентски практики на факултетот/институтот** (на пр. IAESTE, AIESEC и др.), исто така едно релативно ниско ниво е прикажано со 6 во учебната 2013/2014, а максималниот број е постигнат во учебната 2016/2017 година со вкупен број од 18 евидентирани.

Истовремено, информациите за бројот на **реализирани научноистражувачки студентски практики** на домашни студенти во странски универзитети (на пр., преку IAESTE, AIESEC и др.), исто така се проценуваат за нецелосни, при што најниското ниво е во учебната 2013/2014 година со 8 реализирани практики. Со текот на времето, нивниот број се зголемува и достигнува 59 во учебната 2017/2018 година.

Во делот на број на **учества во меѓународни академски курсеви** (на пр., соработка на факултетот со BEST и др.), највисока бројка е постигната во учебната 2015/2016 година (65 учества), а најниска во учебната 2013/2014 (42 учества).

Во делот на учеството во **домашни и меѓународни конгреси** од страна на студентите, очигледно е повисоко нивото на присуство на домашните конгреси, што е и очекувано. Највисоко ниво на учество на домашните конгреси се бележи во последната учебна 2017/2018 година (170), а на меѓународните конгреси, највисокото ниво на присуство е во учебната 2015/2016 година (28). Од друга страна, најниското ниво на учество на домашни конгреси е во учебната 2014/2015 година со 81, додека кај меѓународните конгреси е 17 во учебната 2013/2014.

Во делот на публикации од страна на студенти во странски и домашни списанија, највисоката бројка на објавени трудови е прикажана во учебната

2017/2018 со 42 труда, додека најниското ниво е во учебната 2016/2017 со 8 труда.

| | Број на студентиш то поминалес еместар/го дина во странство | Број на странски студентиш то поминалес еместар/ година на УКИМ | Број на странски студенти што студирале на УКИМ | Број на наставници кои изведувален астава на странски универзи-тети | Број на објавени трудови во коавторство со странски професори | Број на странски професориш то учествувале во наставата на УКИМ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2013/2014 | 165 | 776 | 29 | 29 | 6 | 7 |
| 2014/2015 | 213 | 635 | 62 | 62 | 14 | 16 |
| 2015/2016 | 249 | 547 | 57 | 57 | 16 | 16 |
| 2016/2017 | 103 | 399 | 36 | 28 | 16 | 13 |
| 2017/2018 | 150 | 336 | 55 | 46 | 19 | 15 |

| | Број на реализи-рани научно-истражувачки студентскипрактики на факул-тетот/ин-ститутот (на пр., IAESTE, AIESEC и др.) | Број на реализирани научно-истражувачкистудентски практики на домашни студенти на странски универзитети (на пр., преку IAESTE, AIESEC и др.) | Број на учества во меѓународ-ни академски курсеви (на пр., соработка на факултетотсо BEST и др.) | Број на учества на студенти со трудови на студентски конгреси во земјата (со меѓуна-родно учество) | Број на учества на студенти со трудови на меѓуна-родни студент-ски конгреси | Број на публикуванитрудови на студенти во научни списанија (домашни и меѓуна-родни) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2013/2014 | 9 | 16 | 42 | 115 | 17 | 17 |
| 2014/2015 | 10 | 15 | 54 | 81 | 20 | 9 |
| 2015/2016 | 16 | 23 | 65 | 138 | 28 | 35 |
| 2016/2017 | 21 | 51 | 49 | 93 | 28 | 8 |
| 2017/2018 | 19 | 67 | 54 | 170 | 28 | 42 |

<u>Индикатори:</u>

1. број на учества во меѓународни научни проекти;
2. приходи од реализирани меѓународни научни проекти.

Проектната работа има еден позитивен тренд и бавно, но рамномерно се развива.

Па така, бројот на учества во научни проекти во рамки на FP7 или H2020 почнува со 9 во учебната 2013/2014 за да достигне 23 во учебната 2017/2018 година.

Во делот на билатерални проекти, бројката во последните 5 години се движи некаде од 9, па до 16.

Исто така, бројот на учества во проекти на НАТО-програмата за партнерство за мир е симболичен и се движи од 2 во учебната 2013/2014, па сè до максимални 5 во учебната 2017/2018 година.

Од друга страна, учеството во други меѓународни форми на соработка прикажува една подинамична слика, каде што најниското ниво е 32 за учебната 2013/2014 година, за да постигне 49 и 47 во учебните 2016/2017 и 2017/2018 соодветно.

Истовремено, највисокиот приход во делот на проектни активности се прикажува во учебната 2015/2016 година кај делот на билатералните договори со вкупен износ од 56,583,448 ден.

| | Учества во научни проекти во рамки на FP7 или H2020 | | Учества во билатерални научни проекти | | Учества во проекти на НАТО-програмата за партнерство и мир | | Учества во други меѓународни форми на соработка | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | Приходи | Број | Приходи | Број | Приходи | Број | Приходи |
| 2013/2014 | 9 | 13,952,977 | 9 | 30,031,845 | 2 | 1,289,063.00 | 32 | 16,694,255.00 |
| 2014/2015 | 15 | 15,389,620 | 15 | 49,295,867 | 3 | 2,256,190.00 | 37 | 25,470,572.00 |
| 2015/2016 | 18 | 11,999,985 | 16 | 56,583,448 | 4 | 781,703.00 | 43 | 39,321,950.00 |
| 2016/2017 | 20 | 28,945,058 | 16 | 1,926,579 | 5 | 7,454,241.00 | 49 | 22,798,439.00 |
| 2017/2018 | 23 | 30,976,825 | 14 | 528,853 | 5 | 5,250,320.00 | 47 | 17,511,863.00 |

## 6.4 Финансиски аспекти од работењето на УКИМ

Индикатори:

1. вкупен број на проекти во соработка со приватниот и јавниот сектор;
2. приходи од истражување и соработка со приватниот/јавниот сектор;
3. приход од истражување и соработка со приватниот/јавниот сектор по академски кадар;
4. број на компании/институции со кои се склучени договори за реализација на практика/стажирање;
5. број на компании/институции со кои се склучени договори за стипендирање на студенти;
6. број на вработени во компании/институции кои учествувале во програмите за обука и развој реализирани од факултетите/институтите.

Во делот на соработката со приватниот и јавниот сектор, поголем е бројот на проекти со приватниот сектор. Имено, во учебната 2016/2017 се склучени дури 72 договора за проекти за соработка со приватниот сектор, а најниското ниво на склучени договори е во учебната 2015/2016 година со 49 договори.

За споредба, бројот на проекти во соработка со јавниот сектор е на незначително пониско ниво и има тренд на опаѓање, па така највисокиот број на вакви договори се бележи во учебната 2013/2014 година (41). Најнискиот број на вакви договори е 22, забележано во учебната 2017/2018 година.

| Година на скл. договор | Број на компании/ институции со кои се склучени договори за практика/ стажирање | Број на компании/ институции со кои се склучени договори за стипендирање | Број на проекти во соработка со приватниот сектор | Број на проекти во соработка со јавниот сектор | Вкупен приход од проекти во соработка со приватниот сектор | Вкупен приход од проекти во соработка со јавниот сектор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2013/2014 | 444 | 26 | 52 | 41 | 8.012.046 | 104.352.256 |
| 2014/2015 | 487 | 31 | 61 | 33 | 8.861.516 | 59.082.524 |
| 2015/2016 | 416 | 33 | 49 | 28 | 4.984.073 | 60.782.023 |
| 2016/2017 | 495 | 34 | 72 | 21 | 7.214.180 | 42.841.787 |
| 2017/2018 | 507 | 37 | 51 | 22 | 2.221.791 | 76.031.044 |

Кога се дискутираат односите со приватниот и јавниот сектор, потребно е да се утврди и број на компании/институции со кои се склучени договори за практика/стажирање. Воспоставен е, на континуирана основа, однос со преку 400 ентитети, при што најниско ниво на фреквенцијата на ваквите договори е постигнато во учебната 2015/2016, со 402 склучени договори, а највисоко ниво е постигнато во учебната 2017/2018 година, со 488 склучени договори.

Инволвираноста на самите институции/компании во делот на поддршката се рефлектира низ бројот на компании/ институции со кои се склучени договори за стипендирање. Таа бројка само во учебната 2013/2014 година е под 30 и изнесува 25. Потоа, во наредните учебни години има континуиран пораст со највисоко ниво во учебната 2017/2018 година, од 34 склучени вакви договори. Во делот на приходите и кај јавниот и кај приватниот сектор, највисоко ниво е постигнато во учебната 2014/2015 година со 8,861,516 од приватниот и 9,473,925 од јавниот сектор.
Интересно е да се согледа бројот на вработени во компании/институции кои учествувале во програмите за обука и развој реализирани од факултетите/институтите. Па така, има една флуктуација и таа бројка изнесува 143 за учебната 2013/2014, која паѓа на 54 во следната учебна 2014/2015 година. Потоа се искачува на 184 во учебната 2015/2016, за да се намали на 95 во учебните 2016/2017 и 2017/2018 година.

Индикатори:

1. број на научни проекти финансирани од државата;
2. вкупен паричен износ, доделен од државата, за реализација на научни проекти.

Во делот на бројот на **научните проекти на УКИМ, финансирани од државата**, тој изнесува 19 за учебната 2013/2014, додека во следната учебна 2014/2015 година, тој постигнува највисоко ниво од 27. Понатаму, во учебната 2015/2016 година, бројот на научни проекти финансирани од државата изнесува 17, за да падне на 12 во текот на следните две учебни години, односно 2016/2017 и 2017/2018. Истовремено, најголем паричен износ доделен од државата во апсолутна вредност изнесува 8.682.833 за учебната 2014/2015 година.

| Договор склучен во: | Број на научни проекти на УКИМ, финансирани од државата | Вкупен паричен износ, доделен од државата, за научни проекти на УКИМ |
|---|---|---|
| 2013/2014 | 19 | 2.830.546 |
| 2014/2015 | 27 | 8.682.833 |
| 2015/2016 | 15 | 5.605.600 |
| 2016/2017 | 12 | 2.417.276 |
| 2017/2018 | 12 | 3.915.743 |

| Дого-вор склу-чен во: | Број на научноистражувачки активности финансирани од УКИМ | | | Вкупен паричен износ на научноистражувачки активности финансирани од УКИМ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на финанси рани научнои стра-жувачки проекти | Број на финанси-рани научни конферен-ции | Број на финанси-рани изданија (издавач-ка дејност) | Износ на финансирани научноистра-жувачки проекти | Износ на финанси-рани научни конферен-ции | Износ на финансира ниизданија (издавачка дејност) |
| 2013/2014 | 28 | 8 | | 5.040.000 | 1.050.000 | |
| 2014/2015 | 29 | 17 | | 6.960.000 | 2.250.000 | |
| 2015/2016 | 28 | 24 | | 6.720.000 | 3.807.000 | |
| 2016/2017 | 27 | 9 | 4 | 6.480.000 | 1.002.750 | 290.000 |
| 2017/2018 | 23 | 16 | 10 | 4.600.000 | 2.080.000 | 708.000 |

| Договор склучен во: | (податоци од членки) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на научни проекти финансирани од единиците на УКИМ | | | Вкупен паричен износ на научни проекти финансирани од единиците на УКИМ | | |
| 2013/2014 | 24 | 1 | 11 | 17,068,960 | 461,119 | 844,840 |
| 2014/2015 | 32 | 1 | 10 | 20,317,088 | 331,903 | 766,436 |
| 2015/2016 | 38 | 1 | 20 | 15,382,638 | 359,591 | 652,246 |
| 2016/2017 | 38 | 2 | 13 | 16,016,693 | 830,496 | 546,212 |
| 2017/2018 | 26 | 2 | 10 | 14,311,170 | 371,985 | 685,937 |

| | Владина контрибуција (плати, материјални трошоци и др.) | Школарина | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Државна квота | Приватна квота | Втор циклус | Трет циклус |
| 2013/2014 | 1.155.945.310 | 124.171.761 | 36.618.335 | 76.088.887 | 9.489.536 |
| 2014/2015 | 1.162.804.273 | 119.506.460 | 48.518.215 | 95.850.877 | 8.994.268 |
| 2015/2016 | 1.199.611.526 | 117.073.870 | 47.835.520 | 27.355.049 | 8.458.442 |
| 2016/2017 | 1.245.465.818 | 112.425.390 | 48.590.199 | 38.433.215 | 9.443.476 |
| 2017/2018 | 1.210.386.185 | 105.691.231 | 48.645.897 | 25.621.998 | 7.984.881 |

| | Научноистражувачка и стручно-апликативна дејност (приходи по основ на национални проекти) | | Меѓународни проекти | Донации | Закупнини | Др. извори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | МОН | Други | | | | |
| 2013/2014 | 1.918.645 | 26.208.005 | 141.532.622 | 2.340.696 | 13.581.399 | 2.636.127.158 |
| 2014/2015 | 1.980.830 | 42.913.248 | 123.295.411 | 2.113.232 | 15.148.893 | 2.793.458.315 |
| 2015/2016 | 1.189.495 | 29.631.122 | 171.096.206 | 3.939.893 | 16.489.947 | 3.020.592.420 |
| 2016/2017 | 780.016 | 55.179.756 | 183.526.054 | 791.046 | 17.513.845 | 2.835.077.808 |
| 2017/2018 | 480.419 | 49.283.666 | 173.504.646 | 5.748.270 | 15.262.897 | 2.917.993.107 |

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**